

# Алкохол

**Клучни факти**

- Алкохолот е шестата водечка причина за болест и предвремена смрт во земјите со висок доход.
- Европскиот регион на СЗО има највисоко ниво на потрошувачка на алкохол во светот, делумно поради висока потрошувачка во централните и источните делови на Регионот. Затоа, оптовареноста со болести поврзани со алкохолот е исто така висока.
- Приближно 70% од возрасните во Европскиот регион на СЗО пијат алкохол. Во просек, Европејците консумираат 10,7 литри чист алкохол годишно.
- Мажите консумираат повеќе алкохол од жените; во 2014 година просечната потрошувачка на алкохол по човек била 19,4 литри за мажите и 12,9 литри за жените.
- Најмногу алкохол е консумиран во случаи на тешко пиење (60г чист алкохол или повеќе во една прилика) што ги влошува сите ризици. Меѓу оние кои пијат, 31,8% од мажите и 12,6% од жените пријавиле тешки епизоди на пиење во последните 30 денови.
- Врската помеѓу алкохолот и криминалот, особено насилниот криминал, е силна, и вклучува социјални прекршоци како кражби, сексуални злосторства, убиства и напади.

**Штетата поврзана со алкохолот**

Употребата на алкохол е важен ризик фактор за заболување. Алкохолот е компонента на причините за повеќе од 200 здравствени состојби. Алкохолот е важен ризик фактор за предвремена смрт. Повеќето од оптовареноста со смртност поврзана со алкохолот е од цироза на црниот дроб, рак, кардиоваскуларни заболувања и повреда. Во Европскиот регион алкохолот има причинско влијание кај приближно 15% од сите причини за смрт. Највисоката пропорција на случаи на смрт кои се припишуваат на алкохолот е меѓу мажите на возраст од 20-39 години.

Во Европскиот регион на СЗО, се проценува дека 6,4% од мажите и 1,2% од жените се зависни од алкохол, а 12,6% од мажите и 2,9% од жените имаат некакво пореметување предизвикано од употреба на алкохол.



**Штета за другите**

Конзумирањето алкохол може да има негативно влијание врз другите луѓе освен оние кои пијат. Штетата може да биде релативно блага (на пр. Да ве разбуди некој кој пие) или многу сериозна (на пр. смрт или доживотен инвалидитет). Штетата на другите вклучува економски трошоци, насилство, сообраќајни незгоди, оштетување на имотот, сексуална телесна повреда, возење во алкохолизирана состојба, и злоупотреба или запоставување на дете.

На социјално ниво, штетата поврзана со пиењето вклучува влошување на личните и односите на работното место, криминално однесување, загуба во продуктивноста и значајни трошоци за здравствена заштита.

**Акохолот и бременоста**

Пиење алкохол во било кој стадиум за време на бременоста може да предизвика компликации на бременоста и оштетување на феталниот развој. Изложувањето на алкохол за време на бременоста може да влијае врз невролошкиот развој на фетусот и се поврзува со пометнување, мртво раѓање, ниска родилна тежина, прематуритет, интелектуален дефицит и физички малформации.

---

Февруари, 2018
Извор: WHO Regional Office for Europe
Подготвил: прим. д-р сци. Весна Спирова